Врз основа на член 61, став 4 и 5 од Законот за здруженија на граѓани и фондации („Службен весник на РМ“, бр.31/98 и 29/07), а во врска со имплементација на Стратегијата на Град Скопје за соработка со граѓанските организации, Град Скопје**,** Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија на граѓани и фондации, објавува

**Јавен повик**
**за прибирање на барања**
**за користење на средствата од Буџетот на Град Скопје за 2008 година, наменети за финансирање на програмски активности на здруженија на граѓани и фондации**

Распределбата на средствата од Буџетот на Град Скопје за 2008 година (Потпрограма Е0, подставка 463 190 – Трансфери до невладини организации) наменети за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации, ќе се врши согласно Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации (“Службен весник на РМ“, бр.130/07) врз основа на Стратегијата на Град Скопје и Акцискиот план за соработка со граѓанските здруженија.

**1. Краток опис на програмата и видот на проектите кои ќе бидат поддржани**

Проектите кои ќе бидат финансиски поддржани од страна на Градот Скопје, Одделение за соработка и поддршка на здруженија на граѓани и фондации, треба да се однесуваат на стратешките цели дефинирани во Стратегијата на Град Скопје 2007-2010 и Акцискиот план за соработка со граѓанските здруженија.

**2. Временска рамка и вкупно предвидени/достапни средства**

Вкупно се предвидени 1.200.000,оо денари за финансирање на програмските активности на здруженијата на граѓани и фондации.
Средствата ќе се доделуваат еднократно и тоа за период до крајот на 2008 година.

**3. Основни организациски критериуми**

Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата на граѓани и фондации кои учествуваат на овој повик се:

- Да се регистрирани според Законот за здруженија на граѓани и фондации со седиште во Скопје;
- Да спроведуваат активности од минимум една година;
- Да се занимаваат со активности и проекти од јавен интерес;
- Да не добиле средства или поднеле пријава од/до друг орган на државната управа или други извори за иста намена и активности за кои поднесуваат пријава, а што би значело двојно финансирање на истите активности од различни извори.

**4. Потребна документација која здружението на граѓани / фондацијата треба да ги достави кон Пријавата за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации**

Покрај Пријавата за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите која треба да биде пополнета (со печатни букви во кирилско писмо), потпишана од застапникот на здружението на граѓани или фондацијата и заверена со печат на здружението на граѓани или фондацијата, здружението на граѓани или фондацијата задолжително треба да ги достави следниве прилози:

- Статут на здружението на граѓани или фондацијата;
- Фотокопија од решението за регистрација на здружението на граѓани или фондацијата;
- Предлог проект;
- Извештај за добиените средства од Буџетот на Град Скопје во изминатата фискална година и начинот на нивната реализација (доколку организацијата била корисник на средства доделени од Буџетот на Град Скопје за 2007);
- Годишен извештај на здружението на граѓани или фондацијата за 2007 година;
- Фотокопија од завршната сметка за 2007 година;
- Уверение за платени даноци издадено од даночните органи.

Оценувањето на пристигнатите предлози за проекти, ќе се врши според следните критериуми:

**ФОРМАЛНИ КРИТЕРИУМИ / ОПШТИ УСЛОВИ**

- Копија од решението за регистрација на граѓанската организација;
- Број на вработени и број на членови (волонтери) во организацијата;
- Годишен извештај на организацијата, најмалку за последната, а најмногу за последните 3 календарски години;
- Реализиран проектен буџет во претходните најмалку една, а најмногу три календарски години;
- Референтна листа или доказ (на пример: потпишан договор) за најмалку 2 проекти реализирани во областа за која што се аплицира;
- Најмалку 2 мислења (референци) од партнери или донатори за реализација на претходни проекти;
- Кофинансирање на предложениот проект во висина од најмалку 15% од предложениот проектен буџет,
- Писмена подршка од други организации и/или институции за кои е планирано да земат учество во реализицијата на проектот.

**Критериуми за квалитет на апликацијата (Критериуми за избор на проектна идеа / предлог проект)**

| КРИТЕРИУМ | ВРЕДНОСТ ВО БОДОВИ |
|---|---|
| 1. Придонесот кои проектот би го имал во остварување на некоја од целите на стратегијата | 20 |
| 2. Усогласеност со изворните надлежности на Град Скопје | 20 |
| 3. Стручноста и искуството на апликантот во спроведување на проекти од таков обем во соодветната област | 25 |
| 4. Реалистичен буџет и оправданост на трошоците | 15 |
| 5. Процентот на учество на апликантот во проектниот буџет | 10 |
| 6. Вклученост на други институции, итн. | 10 |

***Напомена: Пријавите со непотполна документација или по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат! Доставените прилози не се враќаат.***

**5. Рок и начин на доставување на пријавите**

Рок за поднесување на пријавите е најдоцна до 21.07.2008 година.

Пријавата со целокупната документација треба да се достави преку пошта, на адреса: **Град Скопје, Одделение за соработка и поддршка на здруженија на граѓани и фондации , бул. "Илинденска" бб , 1000 Скопје**
или во архивата на Град Скопје до 16 часот (со назнака - Одделение за соработка и поддршка на здруженија на граѓани и фондации – Пријава за оглас).

Здруженијата на граѓани или фондации учеснички на огласот ќе бидат известени за резултатите во рок од 10 дена од денот на донесување на Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Град Скопје за 2008 година наменети за финансирање на програмски активности на здруженија на граѓани и фондации.

Пријавата за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации, како и Образецот за проценка на квалитетот на предложениот проект (предлог проект) се достапни во просториите на Град Скопје, Одделение за соработка и поддршка на здруженија на граѓани и фондации и на интернет страната на Град Скопје WWW.skopje.gov.mk.

Прашања за појаснување може да се поставуваат писмено или по електронски пат до Одделение за соработка и поддршка на здруженија на граѓани и фондации.
Контакт: Одделение за соработка и поддршка на здруженија на граѓани и фондации, Тел: (02) 3 297 245, 3 297 255, Е-маил адреса:emilijag@skopje.gov.mk